1.4. Образложение кон Финансиските извештаи - составен дел на Годишната / Завршната сметка на Буџетот на општината 2021 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Во рамките на Билансот на приходи и расходи, приходите се систематизирани како:

- Даночни приходи;
- Неданочни приходи;
- Капитални приходи;
- Трансфери и донации;
- Домашно задолжување;
- Задолжување во странство;
- Продажба на хартии од вредност;
- Приходи од отплата на заеми;

Признавањето на приходите и другите приливи содржани во главната книга на буџетот се спроведуваат според начелото на парично искажување.

Расходите се систематизирани како:

- Тековни расходи,
- Капитални расходи,
- Отплата на главнина.

Признавањето на расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведуваат според начелото на парично искажување.

Даночни приходи

Даночните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Данок на имот,
- Данок на наследство и подарок,
- Данок на промет на недвижности,
- Комунални даноци

Во денари

Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
Данок од доход,од добивка и од Капитални добивки	6.150.000	3.949.086	3.940.351
Даноци на имот	30.050.000	25.766.936	17.704.206
Даноци на специфични услуги	44.541.744	30.020.383	23.683.444
Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	30.000	786.210	3.075

Согласно со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и поодделните законски и подзаконски прописи (Закон за даноците на имот, Закон за комуналните такси,) се остварува даночните приходи по основ на:

- Персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, трговски друштва, јавни претпријатија, данок на плати остварени во странство, како и данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност;
- Данок на имот кој опфаќа данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и камата за ненавремено плаќање данок на имот;
- Даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за истакнати фирми, такси од регистрација на моторни возила, такса за јавно улично осветлување, такса за користење на просторот пред деловни простории, надомест за комунално уредување на градежно земјиште и други комунал-ни такси и надоместоци;

Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат наплатени износи, и тоа по следните основи:

- Претприемачки приход и други приходи од имот;
- Други владини услуги, и
- Други неданочни приходи

Во денари

Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
- Предприемачки приходи и други приходи од имот	0	0	0
-Глоби судски и административни такси..	1.750.000	1.071.587	816.280
-Такси и надоместоци	10.000	0	7.080
-Други владини услуги	0		
- Други неданочни приходи	8.100.000	6.721.470	5.124.817

Општината остварува неданочни приходи по основ на:

- Такси и надоместоци што опфаќаат наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општините;
- Административни такси и надоместоци што се однесуваат на приходи од закупнина од објекти и закупнина на опрема;
- Други владини услуги што опфаќаат приходи од изработка на просторни и урбанистички планови, приходи од издавање на тендерска документација за

учество на јавна набавка и

- Други неданочни приходи односно приходи од наплатен надомест за користење тезги и останати неданочни приходи.

Капитални приходи

Капиталните приходи се остварени по основ на приходи од продажба на земјиште и приход од концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 29.943.782 денари (2020 год. – 48.277.735 денари).

Трансфери и донации

Трансферите и донациите се остварени по основ на трансфери од други нивоа на власт во износ од 126.309.508 денари (2020 год. – 136.658.099 денари).

Тековни расходи

Плати, наемнини и надоместоци

Средствата за плати, наемнини и надоместоци се остварени/извршени во Буџетот на Општина Радовиш , согласно одредбите од Законот за буџетите и другите законски и подзаконски прописи од областа на платите (Закон за исплата на платите во Р.М., Закон за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и другите избрани и именувани лица во Републиката, Закон за државните службеници, Закон за работните односи, итн.) и тоа по следните основи:

- Основни плати;
- Надоместок за годишен одмор;
- Придонеси од плати и персонален данок

Во денари

Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
- Основни плати	28.426.000	25.021.831	24.821.990
- Придонеси од плати	12.273.900	10.713.371	10.758.021
- Персонален данок	3.012.200	2.608.554	2.532.613
- Надоместоци	6.206.500	5.312.065	4.746.926

Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се остварени/извршени во Буџетот на општина Радовиш , согласно одредбите од Законот за буџетите/Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Одлуката за извршување на буџетот на општината и тоа по основ на Тековни резерви. За оваа намена во 2021 година извршени се 571.530 денари (2020 година –536.911 денари/претходна година).

Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на остварените/извршените износи во Буџетот на Општината Радовиш , и тоа по следните основи:

- патни и дневни трошоци, кои опфаќаат: патни трошоци, сместување и споредните трошоци за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, кои опфаќаат: струја, вода и канализација и други комунални услуги;
- трошоци за затоплување, кои опфаќаат набавка на течни горива за затоплување;
- трошоци за комуникација и транспорт кои опфаќаат: пошта, телефон и телефакс, горива и мазива, гуми внатрешни и надворешни и резервните делови;
- материјали, кои опфаќаат: трошоци за канцелариски материјали, учебници, списанија, весници и други изданија, копирање, печатење и издавање, лен-ти, касети и друго за АОП, средства за одржување на хигиена, алати и си-тен инвентар, пијалоци, други прехранбени продукти, униформи и работни облеки и обувки и други материјали;
- тековно одржување, кои опфаќаат: трошоци за сервисирање на леки коли и други возила, трошоци за извршени тековни поправки на капиталните средства (основни средства), зградите, опремата, патиштата и другите ви-дови капитални средства (поголемите поправки кои преставуваат трошок за инвестиционо одружување не се искажуваат на ова конто);
- договорни услуги, кои опфаќаат: трошоци за адвокатски и други правни ус-луги, надомест за платен промет и банкарска провизија, осигурување на мо-торни возила, и други договорни услу-ги;
- други оперативни трошоци, кои опфаќаат: репрезентација, трошоци за од-ликувања, членарини во домашни организации ,трошоци за меѓународни спортски натпревари и други оператив-ни расходи.

Во денари Опис

	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
Патни и дневни трошоци	835.000	75.063	144.269
Комунални услуги , трошоци за затоплување, комуник.транспорт	14.786.200	13.276.090	8.247.237
Материјали	3.589.000	2.560.378	2.774.651
Тековно одржување	34.862.641	22.443.357	11.761.562
Договорни услуги	14.281.000	3.301.584	3.867.517
Други тековни расходи	3.990.000	2.228.873	2.909.858
Привремени вработувања	6.818.920	4.963.159	3.598.961

Каматни плаќања

Општина Радовиш има склучено Договор за под заем со Министерство за финансии, во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на

општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој -Светска банка од кои произлегува полугодишно плаќање на каматата

Во денари Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
-Каматни плаќања кон домашни кредитори	15.000	10.622	34.476

Субвенции и трансфери

Субвенции и трансфери се остварени /извршени во Буџетот на Општина Радовиш , по основ на тековни трансфери, кои опфаќаат трансферите до невладините организации како што се: плаќања до хуманитарни организации, трансфери до спортски клубови и до други непрофитни организации;

Во денари Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
Субвенции за јавни претпријатија …….	350.000	350.000	350.000
Трансфери до невладини Организации	12.000.000	8.636.200	16.244.500
Разни трансфери 17.105.885		12.303.062	12.812.629

Капитални расходи

Купување на капитални средства

Капиталните расходи се наменети за набавка на постојани средства и за истите се остварени/извршени средства од Буџетот на општина Радовиш , и тоа по следните основи:

- мебел и канцелариска опрема што опфаќа средства за: купување на канцеларискиот мебел и информатичка опрема;
- купување на моторни возила што опфаќа средства за купување на патничко возило;
- припрема на проекти што опфаќа средства за: финансирање на трошоците за изработка на студии и елаборати, мапи, техничка документација и дизај-нирање договарања, неопходни за припрема на инвестиционите проекти и разни други студии и истражувања;

Во денари Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
Купување на опрема. и купување на машини	3.300.000	1.103.329	2.129.071
Други градежни објекти	150.112..490	78.148.124	60.984.014
Купување на мебел	0	0	115.180
Вложување и нефинансиски средства ……...	4.950.000	2.728.434	2.218.855
Купување на возила	0	0	146.137

Отплата на главнина

Општина Радовиш има склучено Договор за под заем со Министерство за финансии, во рамки на средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој -Светска банка од кој произлегува полугодишна обврска за отплата на главнина

Во денари Опис	Буџет 2021	Извршено 2021	Извршено 2020
-Отплата на главнина до други нивоа на власт	4.000.000	3.958.498	3.958.498

БИЛНС НА СОСТОЈБА

Актива

Парични средства

Паричните средства се проценети според номинален износ и ги опфаќаат паричните средства што се на Сметката со состојба на 31.12.2021 година и изнесуваат 23.516.838 денари (2020год 59.932.211денари/претходна година).

Во денари Опис	31 декември 2021	31 декември 2020
Сметка.....	23.516.838	59.932.211
Благајна.....	/	/
Девизна сметка.....	/	/

Краткорочни финансиски побарувања

Краткорочните финансиски побарувања произлегуваат од ненаплатените побарувања од данок на имот и комунална такса за фирмарини и побарувања од министерствата за потрошена електрич.енергија, вода и дрва , побарувањата со 31.12. 2021 год. се во вкупен износ од 80.418.162 денари (2020 год. 81.313.162 денари / претходна година).

Пасивни временски разграничувања

Пасивните временски разграничувања се состојат од:

Во денари Опис	31 декември 2021	31 декември 2020
Дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година	23.516.838	59.932.211
Други пасивни временски разграничувања	80.418.162	81.313.162

1.5. Извештај за средства, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност.

Општина Радовиш во својот Биланс на состојба го има искажано целокупното богатство на Општината и побарувањата и обврските кои ги има спрема добавувачите.

Во материјалните средства влегуваат:

- Инвестициите на градежните објекти во вкупен износ од 490.537.939 ден. (од кои 26.988.772 локален пат с.Смиланци; 32.916.032 ден. локален пат с.Калугерица и с.Подареш; 21.920.963 ден. улица 1 во с. Ињево; 16.545.158 den. Локален пат Бел камен-авто камп Козбунар; 12.878.594 ден. локален пат с. Бучим; 11.179.519 ден. детски игралишта во с. Воиславци, с. Калугерица, s. Раклиш и Радовиш; 9.882.752 ден. Повеќенаменско игралиште во с.Ораовица; 10.162.731 ден. мост на Радовишка река; 21.562.263 ден. уредување на јавни површини низ населените места; 10.099.967 ден. повеќенаменско игралиште во с.Подареш; 10.806.644 ден. Изградба на улица бр.4 и ул. 5 во с.Раклиш; 7.810.943 den. улица 7 во с. Калугерица; 12.587.789 ден. улица 19 крак 2 во с. Ињево; 5.331.479 ден. училиште во с. Покрајчево; 15.506.168 ден. Културен дом во с.Ораовица; 12.752.768 ден. Пешачка патека од с.Ораовида до манастир Св.Ѓорги ...)

- Станови и деловни објекти во вкупен износ од 186.241.205 ден. (од кои 157.820.964 ден. Спортска сала; 28.418.344 ден. универзитетска зграда)
- Опремата - во вкупен износ од 8.570.934 ден.

Материјалните средства во подготовка-односно Инвестициите во тек се во износ од 245.547.554,00. ден. (од кои 37.060.730 ден. изградба на тротоари низ градот; 86.100.936 ден. асфалтирани улици во Радовиш; 7.161.486 ден. улица во село Калугерица; 4.201.861 ден. изградба на мост на река Марлада; 7.107.759 den. улица во с.Јаргулица; 1.332.955 den. фекална канализација во с. Раклиш; 6.138.460 den. повеќенаменски игралишта, 4.832.555 ден. тротоари во с.Ораовица...)

Тековните обврски што ги има Општината спрема добавувачите по разни основи изнесуваат 5.892.613 ден.

Краткорочните обврски кои се прикажани во Билансот на состојбата се обврските за неисплатена плата за 12 м. 2021 год. во бруто износ од 2.958.999 ден.

Вкупните побарувања што ги има општината изнесуваат 80.418.162 ден. од кои 79.470.290 ден. се по основ на надомест за уредување на градежно земјиште, легализација, даноци на имот, комунална такса и сл. и 947.872 ден. се спорни побарувања).
Во вонбилансната пасива е прикажан имотот кој го има општината како градежни објекти односно управни згради и тоа: Зграда во која е сместена Локалната самоуправа, дел од зграда на поранешен Фонд за комуналии, Управна зграда на поранешна општина Подареш, во износ од 11.113.072 денари, но овој имот сеуште не е евидентиран како сопственост, бидејќи за него општината не поседува имотен лист.

1.6. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите и дотациите за делегирани надлежности

Во 2021 год. од планираните и предложени активности на Програмата за инвестиции, се објектите кои беа започнати, а сеуште се водат како незавршени односно како инвестиции во тек и тоа : Фекални канализации на одредени улици во градот и селата, водоводни линии, асфалтирање на улици во градот и селата, поплочување на тротоари во селата и градот, крпење на ударни дупки, повеќенаменски игралишта, детски игралишта, пробивање на локални патишта, изградба на мостови уредување на јавни површини во градот и селата и други активности во вкупен износ од 245.547.554 денари (од кои 37.060.730 den. изградба на тротоари низ градот; 86.100.936 den. асфалтирани улици во Радовиш; 7.161.486 ден. улица во село Калугерица; 4.201.861 ден. изградба на мост на река Марлада; 7.107.759 den. улица во с.Јаргулица; 1.332.955 den. фекална канализација во с. Раклиш; 6.138.460 den. повеќенаменски игралишта, 4.832.555 den. тротоари во с.Ораовица...)

Во текот на 2021 година беа добиени дотации во вкупен износ 256.897.074 ден., вратени од нив во републички буџет износ од 4.635.902 ден. а извршени се 263.122.285 ден. Доколку ги земеме во предвид и пренесените вишоци од претходни години, кои не се враќаат во републички буџет, во износ од 93.997.867 ден. и 12.746 ден. уплатени на сметка дотации по пресуда, остануваат непотрошени средства од 83.149.500 денари, кои се пренесуваат како прилив за трошење во наредната година.

1.7. Извештај за користењето на финансиските средства од тековните резерви.

Од средствата планирани како Тековни резерви во 2021 год. во износ од 650.000 ден. се потрошени вкупно 571.530 денари и тоа по 15.000 ден. на вработените лица Ѓорги Димитров, Борче Долдуров, Ванчо Трајков и Миле Христов за смртни случаеви на родители и 511.530 денари компензација со ЈП

"Плаваја" за потрошена нафта од резервите која била користена за чистење на речни корита.

Бр. 08-409/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Извештај
на ТППЕ-Радовиш за четвртиот квартал од 2021 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај на ТППЕ-Радовиш за четвртиот квартал од 2021 год., број 08-410/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2022 год.

Бр. 09-410/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на четвртиот квартал од 2021 год.
на ТППЕ-Радовиш

I. Се усвојува четвртиот квартал од 2021 год.на ТППЕ-Радовиш, број 24-103/2 од 07.02.2022 година.

II. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-410/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ТППЕ Радовиш за 2021 год.

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ТППЕ Радовиш за 2021 год., бр. 08-411/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 28.02.2022 год.

Бр. 09-411/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл.21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишниот извештај
за работа на ТППЕ Радовиш за 2021 год.

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работа на ТППЕ Радовиш за 2021 година бр.24-132/3 од 07.02.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-411/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Оперативен План за заштита И одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежности на подружницата „Радовишко поле„ Радовиш за 2022 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Оперативен План за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежности на подружницата „Радовишко поле„ Радовиш за 2022 година, бр. 08-412/2, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2022 год.

Бр. 09-412/2
04 Март 2022 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 точка 10 и 21 став 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесува

О Д Л У К А
За увојување на Оперативен План за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежности на подружницата „Радовишко поле„ Радовиш за 2022 година

I. Се усвојува Оперативен План за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежности на подружницата „Радовишко поле„ Радовиш за 2022 година, број 25-287/1 од 10.02.2022 година.
II.Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-412/1
28 Февруари 2022 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Заменик Претседател
Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица, бр.08-413/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-413/3
04 Март 2022 г.
Радовиш

Градоначалник
на општина Радовиш
Ацо Ристов с.р.

Согласно член 51, 538 и 539 од Законот за трговски друштва (Сл.весник на РСМ бр.28/2004, 84/2005, 71/2009, 23/2009, 42/2010, 48/2010, 8/2011, 21/2011, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/15, 192/2015, 217/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018, 290/20 и 215/21), Советот на општина Радовиш, на седницата одржана на 28.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица

Член 1
Со оваа Одлука престанува со работа и се спроведува постапка за ликвидација на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица, со седиште во Струмица, на ул.„Димитар Галев“ бр.1Б, Струмица.

Член 2
Се менува називот на фирмата Заедничко јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица и гласи: Заедничко јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица – во ликвидација.
Се менува и скратениот назив на фирмата ЗЈПЗБК „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица и гласи: ЗЈПЗБК „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица – во ликвидација.

Член 3
Сузана Стојкова, Доктор по ветеринарна медицина, со адреса на живеење ул.„Иљо Шопов“ бр.15/6 од Струмица, се разрешува од функцијата вршител на должност директор и се именува за ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња „АСТРА-ЛУНА“ – Струмица – во ликвидација.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување и ќе се објави во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-413/1
28 Февруари 2022 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Заменик Претседател
Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина

Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот
за покренување иницијатива за згрижување
на кучињата скитници

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за покренување иницијатива за згрижување на кучињата скитници бр.08-413/3, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-413/4 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш(Сл.гласник на општина Радовиш бр.5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за покренување иницијатива за згрижување на
кучињата скитници

I.По укинување на Јавното Претпријатие "АСТРА-ЛУНА" –Струмица формирано од Центарот за развој на Југоисточен плански регион, Општина Радовиш треба да изнајде решение за овој проблем.

1.Се задолжува градоначалникот на Општина Радовиш да покрене иницијатива-постапка/ консултација со која ке се изнајде соодветно решение за проблемот со кучињата скитници.

2.Предлог решенијата за овој проблем да се доставаат во најкраток можен рок до Советот на Општина Радовиш.

II. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, .

Бр. 08-413/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката
за давање согласност на Планот за запишување
на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„
Радовиш за учебната 2022/2023 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2022/2023 година, бр. 09-414/1, што Советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28. 02.2022 година.

Бр. 09-414/3 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 г., донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Одлуката за
давање согласност на Планот за запишување
на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„
Радовиш за учебната 2022/2023 година

I. Се дава согласност на Одлуката за Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2022/2023 година, бр. 08-124/1 од 08.02.2022 год. согласно одлуката на Наставничкиот совет на СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш.

II.Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-414/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот
на Планот за запишување на ученици во I година
во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш
за учебната 2022/2023 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот на Планот за запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2022/2023 година, бр. 09-414/2, што Советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.02.2022 година

Бр. 09-414/4 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 15 т.7 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 г., донесе

З А К Л У Ч О К
на Планот за запишување
на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„
Радовиш за учебната 2022/2023 година

I. Советот на општина Радовиш бара од Министерството за образование и наука да дозволи отварање на нови насоки/стручно четиригодишно образование и запишување на ученици во I година во СОУ „Коста Сусинов„ Радовиш за учебната 2022/2023 година за следните насоки:

-медицинска струка-медицински техничар
-градежна струка-градежен техничар и
-сообрашајна струка-сообраќаен техничар

Овој Заклучок произлегува на барање од бизнис секторот и спроведената анкета (превозници/транспорт и градежништво), јавното и приватното здравство во општината.

II. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-414/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 ст.1 т.16 од Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/02), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање согласност на Правилник за систематизација на работни места во СОУ Коста Сусинов Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Правилник за систематизација на работни места во СОУ Коста Сусинов Радовиш, бр.02-145/1 од 15.02.2022 година, наш број 08-79/13 од 15.02.2022 година, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-415/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 т.8 од Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 21 ст. 1 т.41 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
За давање согласност на Правилник за систематизација на работни места во СОУ Коста Сусинов Радовиш

Член 1

Се дава согласност на на Правилник за систематизација на работни места во СОУ Коста Сусинов Радовиш, бр.02-145/1 од 15.02.2022 година, наш број 08-79/13 од 15.02.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Бр. 08-415/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување
на Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ОНБ Браќа Миладиновци за 2022година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за Одлука за давање согласност на годишен планза вработување на ОНБ Браќа Миладиновци за 2022година, бр.08-416/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-416/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 20-б од Законот за вработување во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) и член 21 ст. 1 т.3 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
За давање согласност на годишен план за вработување на ОНБ Браќа Миладиновци за 2022година

Член 1

Се дава согласност на Годишен план за вработување на ОНБ Браќа Миладиновци за 2022година, бр.03-06/2 од 13.01.2022 година, наш број 17-73/1 од 14.01.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Бр. 08-416/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување
на Решение за разрешување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решение за разрешување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш, бр.08-418/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-418/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл.94 став 4 и 110 ст.2 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04) чл.1 и 2 Одлука за утврдување на персонален и материјален состав на силите за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.124/06) и член 15 т.10 и 11 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година донесе

РЕШЕНИЕ
За разрешување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш

Членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш се разрешуват :

1. Герасим Конзулов-Командант на Штабот
2. Зоран Мицев-Началник на Штабот

Помошници на началникот

3. Ивица Манчев – оперативни работи
4. Панче Николов- прва медицинска помош
5. Иле Ѓоргиев – згрижување и евакуација
6. Наталија Трендафилова –лице за технички мерки за заштита и спасување
7. Александар Камчев – лице за технички мерки за заштита и спасување
8. Гоце Лазаров – ракувач со компјутер и со средства за врски
9. Месуд Копчалков – курир
10. Трајче Наков – возач

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш

Бр. 08-418/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување
на Решение за именување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Решение за разрешување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш, бр.08-419/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-419/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл.94 став 4 и 110 ст.2 од Законот за заштита и спсување (Сл.весник на РМ бр.36/04) чл.1 и 2 Одлука за утврдување на персонален и материјален состав на силите за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.124/06) и член 15 т.2 119 од Статутот на општина Радовиш,Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02. 2022 година донесе

РЕШЕНИЕ
За именување членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш

Членови на Штаб за заштита и спасување на општина Радовиш се именуваат :

1. Ацо Ристов-Командант на Штабот
2. Љупче Почивалец-Началник на Штабот

Помошници на началникот

3. Мане Манев – оперативни работи

4. Ванчо Ристов- прва медицинска помош
5. Игор Чапов – згрижување и евакуација
6. Игор Крстев –лице за технички мерки за заштита и спасување
7. Васил Манев – лице за технички мерки за заштита и спасување
8. Васе Здравков – ракувач со компјутер и со средства за врски
9. Боре Димитриев – курир
10. Ѓорги Димитров – возач

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш

Бр. 08-419/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Одлука за доделување на дејност и користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за доделување на дејност и користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на општина Радовиш, бр.08-420/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-420/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 30 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 став 1 точки 24 и 32 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02) Советот на општина Радовиш на ден 28.02.2022 год. донесе:

О Д Л У К А

За доделување на дејност и користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на општина Радовиш

I.Општи одредби

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот на користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето и опфатот на општина Радовиш.

Член 2

Јавен простор за паркирање претставува секое изградено градежно земјиште на подрачјето и опфатот на општина Радовиш на кое може да се паркираат возила.

Јавниот простор за паркирање во град Радовиш е определен со генералниот урбанистички план, деталните урбанистички планови, основен сообраќаен проект на ЕЛС Општина Радовиш и Решение за утврдување на траен режим на сообраќај

Изградбата, одржувањето и користењето на јавниот простор за паркирање од значење за општината се во надлежност на Општина Радовиш.

Член 3

Со оваа одлука посебно се уредува:
1. Видот на јавниот простор за паркирање;
2. Означување и обележување на јавниот простор за паркирање
3. Доделување на дејноста за користење на јавниот простор за паркирање;
4. Користење и организирање на јавниот простор за паркирање;

Член 4

Крајни корисници на јавниот простор за паркирање се физички и правни лица за паркирање на патнички моторни возила, автобуси, товарни и приклучни возила, мотоцикли, камп и други видови на приколки.

Како краен корисник на јавниот простор за паркирање, според оваа одлука, се смета возачот или сопственикот на возилото доколку возачот не може да се идентификува.

II.Видови на јавниот простор за паркирање

Член 5

Јавниот простор за паркирање може да биде слободен (без надоместок), временски ограничен (со надоместок) и затворен (јавен паркинг).

Под слободен простор за паркирање (без надоместок) се подразбира секој уреден и обележан јавен простор за паркирање на кој паркирањето на возилата се одвива без посебен режим на влегување и излегување и за чие користење не се наплака надоместок.

Под врменски ограничен простор за паркирање(со надоместок) се подразбира секој уреден и обележан јавен простор за паркирање согласно сообраќаен проект.

Под затворен простор за паркирање(јавен паркинг) се подразбира посебно определен простор на кој е организирано паркирање на возила со посебен режим на влегување, излегување, чување и времетраење на паркирањето за што се наплака надоместок.

III. Означување и обележување на јавните паркиралишта:

Член 6

ЕЛС општина Радовиш и корисникот-организаторот на паркирањето се должни да ги означат, обележат, и уредат јавните паркиралишта.
Јавните паркиралишта мораат да бидат означени и обележани со сообраќајна сигнализација во согласност со прописите за безбедност во сообраќајот, сообраќаен проект и решение за утврдување на траен режим на сообраќај.
Јавните паркиралишта мораат да имаат ознака за името на паркиралиштето, работното време на паркиралиштето, начинот на паркирање, системот за наплата на паркирање и висина на цената на услугата за паркирање според единица час паркирање.
Корисникот-организаторот на паркирањето, во зависност од капацитетот на паркиралиштето, е должен да утврди и соодветно да обележи (резервира) места за паркирање на возила на лица со инвалидитет.

IV.Доделување на дејноста за користење на јавниот простор за паркирање;

Член 7

Дејноста 52.21–Услужни дејности поврзани со копнениот превоз – работи на патиштата, мостовите, тунелите, паркиралиштата или јавните гаражи, паркирталиштата за велосипеди, вклучувајки ги одржувањето, користењето на јавните паркиралишта, техничките и организациски работи, наплатата, надзорот над паркирањето на возилата и сите останати потребни работи се доделува на ЈП Плаваја Радовиш како корисник и организатор на паркирањето (во продолжение корисник - организатор).
Општина Радовиш со посебна одлука, дејноста паркирање на јавните паркиралишта може да ја одземе, измени или дополни, доколку корисникот - организаторот на паркирањето дејноста ја врши на несоодветен начин, имајки ги во предвид правилата, критериумите, параметрите и други услови со кои е утврдено соодветно вршење на дејноста и ако изврши битна повреда на прописите кои се применуваат за вршење на дејноста.

Член 8

Согласно оваа Одлука корисникот - организаторот се задолжува со посебни акти да ги утврди: предметот, начинот, условите и рокот за отпочнување на вршење на дејноста паркирање, критериумите и параметрите со кои ке се дефинира соодветното вршење на дејноста, односно обврска за соодветно и квалитетно давање на услугата (или калузула за ограничување, односно дека висината на цената не смее да го надмине износот потребен за покривање на трошоците плус разумна добивка), системот за наплата, уплатата на комуналната такса, работното време, организацијата на службата за контрола, комуналната опрема, сообраќајната сигнализација, хортикултурното уредување и одржување, осветлувањето, комуналната хигиена, причини за раскинување, времетраење на договорите и сл.

Член 9

Општина Радовиш со посебна Одлука и Договор во согласност со Закон може да одлучи одредени јавни паркиралишта од оваа одлука и вршењето на дејноста паркирање да ги даде на други субјекти под концесија или јавно приватно партнерство.

Советот на Општина Радовиш, по предлог на Градоначалникот на Општина Радовиш, врз основа на утврдена потреба или оправданост, може да одлучи за користење на определени дополнителни јавни паркиралишта од оваа Одлука, за вршење на дејноста паркирање, да даде дозвола и на домашно или странско правно лице, врз основа на Закон.

V.Користење на јавните паркиралишта

Член 10

Согласно член 6 од оваа Одлука - за вршење на дејноста, се пренесува правото на трајно користење од ЕЛС општина Радовиш на ЈП Плаваја на следните недвижни ствари – јавен простор за паркирање кои се определени со генералниот урбанистички план, деталните урбанистички планови, основен сообраќаен проект на ЕЛС Општина Радовиш и Решение за утврдување на траен режим на сообраќај.
Користењето на јавните паркиралишта мора да биде во согласност со утврдениот траен режим на сообраќај и сообраќаен проект.

Член 11

Јавните паркиралишта мора да се користат на начин со кој се обезбедува безбедно и економично групно стационирање на повеке возила од определен вид, така што за секое возило да има паркинг место и независен, безбеден и прегледен сообракаен пристап.
За користење на јавните паркиралишта, корисникот-организаторот на паркирањето плаќа комунална такса согласно Одлуката за висина на комуналните такси во Општина Радовиш, донесена од страна на Советот на Општина Радовиш.
Средствата по основ на комуналната такса, организаторот на паркирањето е должен да ги уплатува на сметка на Општина Радовиш.

Член 12

Актите за системот на паркирањето, определување на зоните, времето на паркирањето, ограничување на паркирањето, резервацијата и повластеното паркирање, системот на наплата и сите други

прашања поврзани со наплатата на паркирањето на јавните паркиралишта ги усвојува Советот на Општина Радовиш на предлог на корисникот-организаторот ЈП Плаваја.

Член 13

На јавните паркиралишта може да се поставуваат рекламни објекти во согласност со сообраќајно-технички елаборат поднесен од корисникот-организаторот на паркирањето, а по претходно извршена заверка на истиот и добиена согласност за поставување на рекламните објекти од страна на Градоначалникот на Општина Радовиш.

За поставување на рекламни објекти во смисла на став 1 на овој член , корисникот-организаторот на паркирањето и сопственикот на рекламниот објект склучуваат договор.

Еден примерок од договорот задолжително се доставува до службата за сообраќај на Општина Радовиш.

За поставување на рекламни објекти на јавните паркиралишта, корисникот-организаторот на паркирањето е должен на Општина Радовиш да плати комунална такса, во висина утврдена со Одлуката за висина на комуналните такси на Општина Радовиш.

Член 14

Јавните паркиралишта, во исклучителни случаи со претходно одобрение од Градоначалникот на Општина Радовиш, можат привремено да се користат за организирање и одржување на забави, спортски и други манифестации, за што корисникот-организаторот на паркирањето и организаторот на манифестацијата склучуваат договор.

Еден примерок од договорот задолжително се доставува до службата за сообраќај на Општина Радовиш.

Член 15

ЕЛС општина Радовиш и организаторот на паркирањето нема обврска за чување на паркираното возило и не одговара за оштетување и крадење на возилото.

VI.Надзор

Член 16

Надзор над примената на одредбите од оваа одлука и над законитото работење на корисникот-организаторот на паркирањето, врши Секторот за инспекциски надзор од областа на сообраќајот и Одделението за работите од областа на сообраќајот на Општина Радовиш.

VII.Преодни и завршни одредби

Член 17

Корисникот-организаторот на паркирањето е должен да го усогласи своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Корисникот-организаторот на паркирањето е должен да ги донесе спроведбените акти согласно оваа одлука во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 18

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Бр. 08-420/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување
на Програмата за локален економски развој
на општина Радовиш за 2021 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој во општина Радовиш за 2021 година, бр.08-421/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2022 година.

Бр. 09-421/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6, 7 и 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М,, бр: 5/02) Советот на општина Радовиш на 7 седницата одржана на 28.02.2022 год., донесе:

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за
Локален Економски развој во општина Радовиш
за 2022 година бр. 08-1606/2 од 21.12. 2021 година

Измена на годишна програма на одделение за локален економски развој во Општина Радовиш за 2022 година

Измената програмата се однесува на скратување и измена на ставките за истражување на геотермален потенцијал на локалитетот Раклиш и Социјални божиќни и велигденски пакети. Изработка на студија за геотермалниот потенцијал за локалитетот Раклиш со модели за нејзино искористување во висина од 500.000 денари се скратува а ставката Социјални Божиќни и Велигденски пакети во висина од 150.000 денари се

заменува со ставката Подршка на здруженија на граѓани од областа на социјала, здравство, хуманитарни активности и сл., во истиот предвиден износ од 150.000 денари. Програмата се намалува само за 500.000 денари. Насловот на ставката: "Изработка на физибилити студија и комплетна техничка документација за изградба на узводна акумулација на Радовишка река" се заменува со "Изработка на физибилити студија и комплетна техничка документација за изградба на заштитен акумулационен насип на Радовишка река за заштита од елементарни непогоди". Скратената ставка е реализирана или ке се реализира преку обезбедени средства од други извори. Останатите ставки во програмата остануваат непроменети и се прикажани во табеларниот приказ.

Локалниот економски развој како надлежност на локалната самоуправа во најголем дел зависи од навремено планирање во локалната самоуправа, преку превземање на мерки и активности, форми и облици за овозможување услови за одржлив економски развој.

Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република Северна Македонија и за таа цел се изготвува на годишно ниво Програма за локален економски развој за секоја општина која е базирана врз основа на усвоените стратешки општински документи со што за секоја превземена активност се добива легитимитет кој влијае позитивно кон општинскиот локален развој, изразена како алатка за планирање и истовремено дејствување и подршка кон локалната економија за нејзин одржлив развој.

Локалниот економски развој ги подржува правните субјекти, граѓаните организирани во здружени разни секторски форми како и физичките лица кои се преставници од повеќе различни сектори, кои имаат можност меѓусебно да соработуваат со цел постигнување на економски просперитет во локалната заедница и одржлив раст кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на животот воопшто.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредно учество на претставниците од јавните институции, деловната заедница и невладиниот сектор кои преку воспоставена комуникација и соработка овозможуваат претпоставка за можно достигнување на заедничката зацртана визија, кон создавање на услови за градење на севкупен одржлив развој кој меѓудругото го промовира развојот на бизнисите кои пак истовремено ги овозможуваат условите за зголемување на вработувањето.

Програмата за работа на одделението за локален економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежноста на локалната самоуправа која произлегува од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.Македонија бр.5 од 29.01.2002 год.), статутот на Општина Радовиш и законските одредби во Република Северна Македонија кои обработуваат економски теми согласно препораките на Европската унија во делот од процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно начелата за транспарентност и очетност со усвојување на развојните плански документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи во заедницата во кој локалната самоуправа има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање.

Предлог ставки/активности:

Предлог	Износ (МКД)	Извор на финансирање	Коментар/Статус на проект	Временски период за отпочнување/ реализација
ЕКОНОМИЈА				
Цел 3: Прилагодување на човечки ресурси спрема стопанството 3.1. Ставање во функција на локалниот економско-социјален совет (одржување на најмалку 6 работни состаноци)	50.000	Општина Радовиш	Комисијата е формирана	Јануари-Декември
СРМА Потенцијално искористување на ресурсите	Финансирано од УНДП	УНДП	Јакнење на капацитетите на општинската администрација	Општината е пријавена се очекува во текот на месец март да отпочне со реализација. Проектот ќе трае 18

				месеци
Европска ознака за извонредност на управувањето (ELoGE) проект во Македонија	Финансирано од АЛДА	АЛДА Скопје	Општина Радовиш е член на Агенцијата АЛДА на нивна покана со цел подобрување на стандардите и обезбедување на висококвалитетни услуги во рамките на локалната самоуправа општината ќе го спроведе овој проект.	Февруари-јуни
СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА				
Достапни и ефикасни дигитални и социјални услуги на општините Радовиш и Конче	1.000.000	Општина Радовиш	Дигитализација на основните општински услуги со акцент на социјалната сфера, преку имплементирање на систем за управување со документи и создавање на услуги во рамките на воспоставување на меѓуопштинска соработка.	Јануари-Декември
Реализација на проект: „Општинско-корисна работа“ УНДП	1.000.000	УНДП	Проект на УНДП во социјалната сфера за посета и грижа за стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и потешкотии во секојдневниот живот очекувана донација	Јануари - Декември
Реализација на проект: „Општинско-корисна работа“ УНДП	500.000	Општина Радовиш	Проект на УНДП во социјалната сфера за посета и грижа за стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и потешкотии во секојдневниот живот учество на општината	Јануари - Декември
Предвидување на средства кои ќе бидат наменети за ангажирање на лица од социјално ранливи категории за изведување на јавни работи во Општина Радовиш.	1.000.000	Општина Радовиш	Во врска со активните мерки на Агенцијата за вработување и ангажирање на јавни работници според програма за извршување на јавни работи донесена од Совет на општината. Да се примат пет квалитетни лица со	Јануари-Декември

			поголема плата	
ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА НВО				
Финансиска подршка за проекти на граѓански здруженија според усвоената методологија за финансирање на проекти. Како посебни насоки во јавниот повик ке бидат предвидени: Акција за пошумување на околината. Промоција и популаризација на развој на органско производство. Одржување на работен состанок со земјоделци за подршка на земјоделски задруги. Физибилити студии и водич за инвестиции. Обнова на постојната туристичка информативна инфраструктура.	1.500.000	Општина Радовиш	Распишување на јавен оглас согласно усвоена методологија за реализација на проекти за локален развој, а во согласност со стратешките документи на општина Радовиш, како и Пошумување на определени локации во град Радовиш Изработка на едноставен водич за земјодиелците за бенефитите од органското производство. Изработка на физибилити студија за развој на алтернативен туризам на општина Радовиш-Смиланци. Обнова на инфотабли кои се веќе поставени и за кои постојат податоци. Изработка на водич за инвестиции и физибилити студии во делот на локалниот развој.	Јануари-Декември
Годишна членарина за Центарот за развој на Југоисточен плански регион во Струмица за 2022	282.440	Општина Радовиш	Согласно законот за рамномерен регионален развој и претходно потпишан договор со Центарот за развој на Југоисточен плански регион во Струмица, општините основачи на Советот за развој на регионот се обврзани да ја кофинансираат работата на Центарот.	Јануари-Декември
ЛАГ Плачковица	60.000	Општина Радовиш	Годишна членарина по договор	Јануари - Декември
ЈАВНИ ПОВИЦИ				
Ревизија на стари или изработка на нови стратегии од: **Локален одржлив развој 2022-**		Општина Радовиш	Подготовка и печатење на документи	

2027 Социјална инклузија Образование Енергетска ефикасност кои ќе бидат обновени и согласно важечките три ќе биде направена целина во делот на одржлив развој и предвидување на проекти за циркуларна економија	300.000		Идејата е шесте постоечки да се вградат во една заедничка платфрма за ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ Стратегијата ќе биде изработена со форумски пристап	Јануари-Декември
Изработка на техничка документација за изградба на лифт за лица со попреченост во општина Радовиш	300.000	Општина Радовиш	Пристапност на лица со попреченост во зградата на ЕЛС Општина Радовиш	Јануари – Декември
Изработка на физибилити студија и комплетна техничка документација за изградба на заштитен акумулационен насип на Радовишка река за заштита од елементарни непогоди	500.000	Општина Радовиш БРР МЖСПП	Спроведувањето на оваа ставка ќе биде подржано целосно од општина Радовиш со можност за аплицирање на повици од други донатори и државни институции.	Јануари-Декември
Формирање на комисија за избор на официјален сувенир(и) за општина Радовиш преку распишување на Јавен оглас и набавка нов пакет на промотивни материјали за општина Радовиш	150.000	Општина Радовиш	Најдобрите решенија ќе бидат наградени, а со остатокот на предвидените средства ке се спроведе набавка на сувенирите како промотивни материјали	Јануари-Декември
Подршка на здруженија на граѓани од областа на социјала, здравство, хуманитарни активности и сл.	150.000	Општина Радовиш	Подршка за функционирање на здруженијата	Јануари-Декември
Се вкупно	**6.792.490**			
Донации	**1.000.000**			
Средства од општински буџет	**5.792.490**			

*Ставка која влегува во развојни програми-Регионален развој

ИНФРАСТРУКТУРА				
IPA/2021/427-964 Green Heat-introduction of efficient customer-oriented small-grid district heating service based on renewable energy sources ИПА/2021/427-964 Зелено греење- вовед во енергетски ефикасно ориентирано греење со мини централа	57.989.580	EuropeAid/170320/DD/ACT/MK-Application 48 EU for Municipalities. Improving Local Government Services through Innovative Concepts	Проектот предвидува изградба на мини-систем за енергетско ефикасно греење кое во почетна фаза ќе ги опфати СРЦ„25-ти Мај„ Детската градинка „Цветови“, ООУ„Крсте П. Мисирков“, општинската зграда и СОУ„Коста Сусинов„ Финансиските средства ке бидат на посебна донаторска сметка по фази и	Пред фаза на имплементација се очекува склучување на договор во текот на месец декември Времетрање: 3 год.

			ПРАГ- ЕУ правилата	

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-421/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за измена и дополнување на
Програмата за потреби за функционирање на
администрацијата во Единица за локална
самоуправа Радовиш за 2022 год.
број 08-1607/1 од 21.12.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена И дополнување на Програмата за потреби за функционирање на админиострацијата во Единица за локална самоуправа Радовиш за 2022 год., број 08-1607/1 од 21.12.2021 година, бр.08-422/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02. 2022 год.

Бр. 09-422/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 28.02.2022 г. донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ПРОГРАМАТА НА ПОТРЕБИ ЗА
ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА
АДМИНИСТРАЦИЈАТА
ВО ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА - РАДОВИШ
за 2022 год. број 08-1607/1 од 21.12.2021 година

Програмата се менува и дополнува во дел:

II. Приоритети на општинската администрација

Се планираат средства во висина од - 250.000 денари за набавка на гуми за потребите на службените возила на ЕЛС и ТППЕ .

За потреби од набавка и одржување на софтверско решение за општина Радовиш- веб решение да се зголеми за уште 50.000 денари.

III. Оваа измена и дополнување на Програма е составен дел на Буџетот за 2022 год.

IV. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-422/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлука за
проширување на средствата на Буџетот на Општина
Радовиш за 2022 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Радовиш за 2022 година, бр.08-423/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-423/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ("Сл. Весник на РМ" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и член 43 од статутот на ЕЛС Радовиш ("Службен гласник на општина Радовиш" бр. 5/2005 година), Советот на ЕЛС Радовиш на 7 седница одржана на 28.02.2022 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за измена на распоредот на средствата на Буџетот на
општина РАДОВИШ за 2022 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина РАДОВИШ за 2022 година на следниот начин:

Потпрограма Потставка	БУЏЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА					
423810 Ситен инвентар	250.000	0	0	0	0
426990 Други оперативни расходи	50.000	0	0	0	0
464990 Други трансфери	-300.000	0	0	0	0
G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ					
425990 Други договорни услуги	-650.000	0	0	0	0
463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации	150.000	0	0	0	0
ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ					
482830 Реконструкција на капацитети за енергетика	500.000	0	0	0	0
	0	0	0	0	0

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Радовиш и истата станува составен дел на Буџетот на општината за 2022 година.

Бр. 08-423/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО,,Радовиш-2014,, Радовиш за исплата на потрошена електрична енергија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО ,,Радовиш-2014,, Радовиш за исплата на потрошена електрична енергија, бр.08-424/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-424/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства на ЈПССО,,Радовиш-2014,, Радовиш за потрошена електрична енергија

Член 1

Се одобруваат финансиски средтсва на ЈПССО,,Радовиш-2014,, Радовиш во износ од **-75.498,00** со намена за потрошена електрична енергија за:
-месец 01/2022 година износ -75.498,00 денари;
Барањето е составен дел од одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, .

Бр. 08-424/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ЈПССО,,Радовиш-2014,, Радовиш за исплата на ф-ри за комунални услуги

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈПССО ,,Радовиш-2014,, Радовиш за исплата на фактури за комунални услуги, бр.08-425/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-425/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на ЈПССО,,Радовиш-2014,, Радовиш
за исплата на ф-ри за комунални услуги

Член 1

Се одобруваат финансиски средтсва на ЈПССО,,Радовиш-2014,, Радовиш во износ од -**25.255,00** со намена за исплата на ф-ри за комунални услуги за:

-месец 01/2022 година износ -25.255,00 денари;

Барањето е составен дел од одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, .

Бр. 08-425/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување
на Одлука за одобрување финансиски средства
на Зинлет Хусеинова од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства за одобрување финансиски средства на Зинлет Хусеинова од Радовиш, бр.08-426/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-426/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 28.02.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Зинлет Хусеинова од Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средтсва на Зинлет Хусеинова од Радовиш во висина од 15.000,00 денари наменети за реновирање на опожарена куќа.

Барањето е составен дел од одлуката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Радовиш,, .

Бр. 08-426/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување
На Програмата за измена и дополнување на Програмата за јавно осветлување за 2022 година во општина Радовиш број 08-1604/1 од 21.12.2021 година

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за јавно осветлување за 2022 година во општина Радовиш број 08-1604/1 од 21.12.2021, бр.08-427/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-427/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) а согласно член 21 став 1 точка 13 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седницата одржана на ден 28.02.2022 година донесе:

ПРОГРАМА
За измена и дополнување на Програмата за јавно осветлување за 2022 година во општина Радовиш број 08-1604/1 од 21.12.2021 година.

Се дополнува Програмата за јавно осветлување за 2022 година со нова точка 5 Набавка и монтажа на декоративни челични столбови (канделабри) во износ од 500.000,00 денари. За таа цел средствата во висина од 500.000 денари ќе се обезбедат од Програмата за Локален економски развој за 2022.

Опис на позициите		Износ / денари
1	Потрошена електрична енергија	8.280.000,00
2	Одржување на уличното осветлување	1.000.000,00
3	Реализација на договор за улично осветлување по ЕСКО модел	10.866.773,00
4	Новогодишно и божиќно украсување	720.000,00
5	Набавка и монтажа на декоративни челични столбови (канделабри)	500.000,00
	ВКУПНО :	**21.366.773,00**

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-427/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2022 година

Ја прогласувам и објавувам Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2022 год со измена и дополнување, бр.08-428/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-428/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/20), член 50, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.в. на Р.М.“ бр.05/02) и член 43точка1 и точка12 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.05/02), Советот на Општина Радовиш,на седница одржана на 28.02.2022 година донесе

ПРОГРАМА
За измена и дополнување
на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2021 год. бр. 08-1605/2 од од 21.12.2021 год.

1. Вовед

Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Радовиш за 2021г. претставува основа за изработка, донесување и спроведување на урбанистички планови од член1, став(1), точки 1,2,3,4 од Законот за урбанистичко планирање, каде како видови се наведени генерален урбанистички план, детални урбанистички планови, урбанистички планови за село , урбанистички планови за вон населено место , сите како планови од локално значење, како и урбанистички проекти од член 58 од законот, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот. Годишата програма претставува дел од задолжителната документација при поднесување барање за согласност од Министерството за транспорт и врски како надлежен орган за истото.

2. Урбанистичко планирање

Урбанистичко планирање

15.000.000,оо денари

- Генерален урбанистички план ..... 10.000.000,00 ден.
- Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот ..... 600.000,00 ден.
- Детални Урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички проекти ..... 4.000.000,00 ден.
- Програми за поставување на урбана опрема и времени објекти ..... 400.000,00 ден.

Генерален урбанистички план на град Радовиш

Р.Бр.		П (ha)	Износ /денари
1.	Изработка и донесување на нов Генерален урбанистички план за град Радовиш	600,0	
		ВКУПНО:	10.000.000,00

Р.Бр.		Износ /денари
1.	Трошоци за услуги од катастар	
2.	Услови за планирање на просторот	
	ВКУПНО:	600.000,00

- **Детални урбанистички планови , Урбанистички планиви за село и Урбанистички проекти**

Р.Бр		Износ/ денари
1.	Измена и дополнување ДУП за дел УБ 7	
2.	Измена и дополнување ДУП УБ 28-дел од УМ1	
3.	Измена и дополнување ДУП за дел УБ З	
4.	Измена и дополнување ДУП УБ 8 и 9-дел	
5.	Урбанистички план за с.Ораовица	
6.	Урбанистички план за с.Воиславци	
7.	Урбанистички план за с.Раклиш	
8.	Урбанистички план за с.Аликоч	
9.	Урбанистички план за с.Коџалија	
10.	Урбанистички план за с.Калаузлија	
11.	Урбанистички план за с.Смиланци	
12.	Урбанистички план за с.Бучим	
13.	Урбанистички план за с.Парналија	
14.	Урбанистички план за с.Злеово	
15.	Урбанистички план за с.Тополница	
16.	Урбанистички проект за г.п.1,21, ДУП УБ28–дел, со намена КД	
17.	Урбанистички проект со намена Д1,Д2 и Д3 -Парковско уредување покрај Радовишка река со теренски градби за спорт и рекреација и градби од живо зеленило	
18.	Урбанистички проект со намена Д1,Д2 и Д3.4 - Парковско уредување покрај Радовишка река со градби од живо зеленило	
19.	Урбанистички проект за инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на улица во с.Калугерица, Општина Радовиш	
	ВКУПНО:	4.000.000,00

Програми за спроведување на Урбанистички планови

	Програми за спроведување на Урбанистички планови	Бр.	Износ/денари
	Програма за урбана опрема	1	
	Програма за времени објекти	1	
		ВКУПНО:	400.000,00

Урбанистичка планска документација со самофинансирање

Р.б.	Планска документација	Износ/денари
1	Измена и дополна на ДУП за УБ7-дел	Самофинансирање
2	Измена и дополна на ДУП за дел УБ З	Самофинансирање
3	Измена и дополнување на ДУП за дел од УБ28, Радовиш	Самофинансирање
4	Урбанистички проект со намена Е2-на КП бр.1183,1184,1185, КО Раклиш, Општина Радовиш	Самофинансирање
5	Урбанистички проект на КП бр.4993 КО Радовиш - вон град, намена Е2 фотоволтаични централи	Самофинансирање
6	Урбанистички проект со намена А,Б,Д , на КП бр.1645, КО Козбунар	Самофинансирање

	Општина Радовиш.	
7	Урбанистички проект со намена Г2,Г3,Г5 ,КП бр.7,КП бр.8/1, КО Ињево вон г.р. Општина Радовиш	Самофинансирање
8	Урбанистички проект со намена Г2 , КП бр. 4673/1, 4673/2, 4673/3, КО Радовиш вон г.р. општина Радовиш	Самофинансирање
9	Урбанистички проект со намена А1, А4, Б1 КП бр.211,212, 5106/1, КПбр. 699 и 700, КПбр.705 и 706, КП бр.702,703/1 и 704/1, КО Радовиш вон г.р. Општина Радовиш	Самофинансирање
10	Урбанистички проект со намена за базна станица за мобилна телефонија во Тополница	Самофинансирање
11	Урбанистички проект за КП бр. 2745/1 и 2745/2 во ДУП на Радовиш	Самофинансирање
12	Урбанистички проект за КП бр.4589/1,4589/2,4589/3,4590,4591,4592, 4593,4595 и 4091/1КО Радовиш, во ДУП на Радовиш	Самофинансирање
13	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.746,КП бр.744,КО Сулдурци, општина Радовиш	Самофинансирање
14	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 за КП 744, КП 746 , КО Сулдурци, Општина Радовиш	Самофинансирање
15	Урбанистички проект со намена Г2 - на КП бр.452/1,КО Воиславци, Општина Радовиш	Самофинансирање
16	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.453/1, КО Воиславци, Општина Радовиш	Самофинансирање
17	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.451/1, КО Воиславци, општина Радовиш	Самофинансирање
18	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.4165/1,2,3 во УБ 9 КО Радовиш, Општина Радовиш	Самофинансирање
19	Урбанистички проект со намена Г2- на КП бр.1/2, КО Сулдурци, Општина Радовиш	Самофинансирање
20	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.242/1, КО Радовиш вон гр, Општина Радовиш	Самофинансирање
21	Урбанистички проект со намена Г2 на КП бр.874/1,875,876,877,878 и 900 КО Калугерица, општина Радовиш	Самофинансирање
22	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 741, КП 742, КО Сулдурци, Општина Радовиш	Самофинансирање
23	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градба со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП бр.228/2,228/1, 229, 230, 241, 242, 358, 360,359,377,376,371,361, КО Ињево в.г.р. ,Општина Радовиш	Самофинансирање
24	Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.8 водови за пренос на ел. Енергија-новопланиран подземен 10/20КВ вод од постојна ТС на КП 4138 до столб на КП 4135/1, за дел од КП бр. 4138, КП со бр.5131, дел од КП бр. 4120/1 и дел од КП бр.4135/1, КО Радовиш вон град, општина Радовиш.	Самофинансирање
25	Урбанистички проект за КП 741 и КП 742 во КО Радовиш вон град, општина Радовиш, за објекти со намена А4-А4, А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување.	Самофинансирање
26	Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 1.17, 1.18, 1.18.1, и 1.19 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш.	Самофинансирање
27	Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 4.24 кон ГП 4.23 и ГП 4.25 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш	Самофинансирање
28	Урбанистички проект за КП бр. 4166/2 КО Радовиш вон.гр. општина Радовиш	Самофинансирање
29	Урбанистички проект за изведба на фотоволтаична централа на КП бр.3456/1 КО Радовиш вон.гр. општина Радовиш,	Самофинансирање

Рекапитулар :

О п и с	Износ /денари
Генерален урбанистички план на град Радовиш	10.000.000,00
Трошоци за услуги од катастар и Услови за планирање на просторот	600.000,00
Детални урбанистички планови, Урб. планови за село и Урбанистички проекти	4.000.000,00
Програми за урбана опрема и времени објекти	400.000,00
Урнабистичка планска документација со самофинансирање	Самофинансирање
ВКУПНО :	**15.000.000,00**

3. ФИНАНСИРАЊЕ

За финансирање на урбанистичките планови и урбанистичките плански документации од Програмата потребните средства ќе се обезбедат од Буџет на Општина Радовиш, Буџет на РСМ, со самофинансирање од заинтересирани физички и правни лица, Југоисточен плански Регион преку БРР,преку АФПЗРР .

4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Во зависност од потребите на општината , како и на заинтересирани физички и правни лица тековно Програмата може да претрпи измени и дополнувања. Општина Радовиш како надлежен орган согласно Закон за урбанистичко планирање спроведува постапки за реализација и спроведување на урбанистичките планови, одобрувајќи постапки за различни видови урбанистички проекти пропишани во законот, урбанистички проекти со план за парцелација и урбанистички проекти за инфраструктура .

Во процесот на донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти согласно Законот за урбанистичко планирање предвидени се прибавување на одредени документации како услови за планирање на просторот, трошоци за услуги од катастар, како и останати документи за кои трошоци се планираат средства.

Урбанистичките планови и урбанистички плански документации започнати пред донесување на Законот за урбанистичко планирање („Сл.в. на Р.М.“ бр.32/2020), се спроведуват и продолжуват согласно одредбите од истиот .

Оваа Програма задолжително се објавува во „Службен гласник на Општина Радовиш“, во електронка форма на веб страната на општината, на официјалните профили на социјлните мрежи, како и во информацискиот систем е-урбанизам.

Со измена и дополна на основната програма за урбанистичко планирање се вметнуват урбанистички проет за инфраструктура за изградба на улица во с.Калугерица, Општина Радовиш и урбанистички плански документации со самофинансирање наведени од точка 24 до точка 29 во истата .

Бр. 08-428/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување
на Одлука за пренесување на правото на користење
на спортски објекти на ЈПССО Радовиш 2014

Ја прогласувам и објавувам Одлука за пренесување на правото на користење на спортски објекти на ЈПССО Радовиш 2014, бр.08-429/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 28.02.2022 година.

Бр. 09-429/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 30 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02) член 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл.весник на Р.М. бр. 78/15), и член 65 од Законот за спорт (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02) Советот на општина Радовиш на ден 28.02.2022 год. донесе:

О Д Л У К А
За пренесување на правото на користење на спортски
објекти на ЈПССО Радовиш 2014

Член 1

Со оваа Одлука се пренесува правото на трајно користење без надомест од ЕЛС општина Радовиш на ЈПССО Радовиш 2014 на следните недвижни ствари – згради, кои се наоѓаат на улица „А.Македонски“, КО Радовиш и тоа:

- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 2, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 120 м2, КП 3831/9, ИЛ бр.9592,

- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 348 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП помошни површии (тераса, лоѓија, балкон), на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 17 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 2, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ТР трибина, на бул.„А.Македонски“, со внатрешна површина од65м2,КП3830,ИЛбр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали,влез 2, кат ПО, намена на посебен/заеднички дел одзграда П помошна просторија, на бул. „А.Македонски“,со внатрешна површина од 129 м2, КП 3830, ИЛбр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали,влез 2, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 133 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 2, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП помошни површии (тераса, лоѓија, балкон), на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 18 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 2, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 455 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275.
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 3, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 369 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 3, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул.„А.Македонски“, со внатрешна површина од 1113 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 3, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП помошни површии (тераса, лоѓија, балкон), на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 16 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 4, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 168 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 4, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП помошни површии (тераса, лоѓија, балкон), на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 16 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 5, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 1135 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 5, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ТР трибина, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина
Од 368м2,КП3830,ИЛбр.81275,
- зграда бр. 1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 5, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ТР трибина, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина
од143м2,КП3830,ИЛбр.81275,
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-2 спортски сали,влез 5, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП помошни површии (тераса, лоѓија, балкон), на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 28м2, КП 3830, ИЛ бр.81275,
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 5, кат К2, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 258 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 6, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП помошни површии (тераса, лоѓија, балкон), на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 5м2, КП 3830, ИЛ бр.81275
- зграда бр.1, намена на зграда Б6-2 спортски сали, влез 6, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на бул. „А.Македонски“, со внатрешна површина од 109 м2, КП 3830, ИЛ бр.81275.

Член 2

Со оваа Одлука се пренесува правото на трајно користење без надомест од ЕЛС општина Радовиш на ЈПССО Радовиш 2014 на недвижни ствари – згради и други објекти, кои се наоѓаат на улица „Илинденска“, КО Радовиш – сопственост на ЕЛС општина Радовиш и тоа:
- објект бр. 0, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на улица „Илинденска“, со површина од 8552 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 0, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на улица „Илинденска“, со површина од 2067 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 0, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т спортски терен, на улица „Илинденска“, со површина од 2018 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 0, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда

ТР трибина, на улица „Илинденска“, со површина од 467 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 0, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ТР трибина, на улица „Илинденска“, со површина од 467 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 2, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП деловна просторија, на улица „Илинденска“, со површина од 99 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 3, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП деловна просторија, на улица „Илинденска“, со површина од 61 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 4, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП деловна просторија, на улица „Илинденска“, со површина од 72 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020
- објект бр. 6, намена на објект Б6-1 стадиони, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП деловна просторија, на улица „Илинденска“, со површина од 12 м2, КП 2168, ИЛ бр.84020

Член 3

Со оваа Одлука се пренесува правото на трајно користење без надомест од ЕЛС општина Радовиш на ЈПССО Радовиш 2014 на следните недвижни ствари - земјиште на кое има тениско игралиште со вкупна површина од 1500м2, кое се наоѓа на улица „Илија Алексов“, КО Радовиш, КП 3822, ИЛ бр.8323 како дел од вкупна површина од 8224м2 со намена ГИЗ.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Член 5

По влегувањето на сила на оваа Одлука, ЈПССО Радовиш 2014 и ЕЛС општина Радовиш ќе формират зедничка Комисија за примопредавање на објектите и ќе склучат посебен Договор за отстапување на правото на користење на наведените недвижни ствари – спортски објекти во кој ќе бидат утврдени сите понатамошни законски постпаки за нивно користење.

Бр. 08-429/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2022 год.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2022 год., бр. 08-430/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2022 год.

Бр. 09-430/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14 и 150/15) и член 21, точка 11 од Статутот на Општина Радовиш („Сл.гласник“ бр. 5/02, 7/05, 3/08, 13/08, 11/09, 2/10 і 4/11), Советот на Општина Радовиш на седницата одржана на 28.02.2022 год. донесе

П Р О Г Р А М А

За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Радовиш за 2022 година

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои општина Радовиш предвидува да ги преземе во 2022 година за заштита на населението од заразни болести.

Заради заштатита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти (комарци), општина Радовиш ќе врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ќе биде прилог кон програмата, како и ќе презема мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти, со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од југоисточниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци), општина Радовиш ќе врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места, а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од југоисточниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2022 година во износ од 500.000,00 денари.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а не се објавува во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 08-430/1 Совет на општина Радовиш
28 Февруари 2022 г. Заменик Претседател
Радовиш Страхил Гавритов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката со која во идна урбанистичко-планска документација за КО Калуѓерица ќе се изврши вклопување во плански опфат за утврдување намена на бесправно изградени објекти

Ја прогласувам и објавувам Одлуката со која во идна урбанистичко-планска документација за КО Калуѓерица ќе се изврши вклопување во плански опфат за утврдување намена на бесправно изградени објекти, бр. 08-431/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 28.02.2022 г.

Бр. 09-431/2 Градоначалник
04 Март 2022 г. на општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 4 став 1од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ 23/2011; 54/2011; 155/12; 53/2013; 72/2013; 44/14; 115/14; 199/14; 124/14; 129/15; 217/15 , 31/16 , 190/17 и 174/21) и член 1 и 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл.Весник на РМ бр. 56/11; 162/12), и чл.21. ст1 т. 43 од Статутот на Општина Радовиш. Советот на општина Радовиш на VII-ма седница одржана на 28.02.2022 год., донесе

ОДЛУКА
со која во идна урбанистичко планска документација за КО Калуѓерица ќе се изврши вклопување на плански опфат за утврдување намена на бесправно изградени објекти

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува во идна урбанистичко-планска документација за КО Калуѓерица, да се изврши вклопување во плански опфат за утврдување намена на бесправно изградени:

-Објекти

